**Прва глобална министерска конференција за безбедност на патиштата: време за акција**

**Москва, 19-20 ноември 2009 година**

**Московска декларација**

Ние, Министрите и шефовите на делегации како и претставниците на меѓународните, регионалните и субрегионалните владини и невладини организации и приватни тела собрани во Москва, Руската Федерација, од 19-20 ноември 2009 година по повод Првата глобална министерска конференција за безбедност на патиштата,

*Признавајќи* го водството на Владата на Руската федерација во подготовката и организирањето на оваа Прва глобална министерска конференција за безбедност на патиштата и водството на Владата на султанатот на Оман во водењето на процесот за усвојување на сродните резолуции од Генералното собрание на Обединетите Нации,

*Свесни* дека, како што е наведено во *Светскиот извештај за спречување на повредите во патниот сообраќај* подготвен од страна на Светската Здравствена Организација / Светска Банка, повредите во патниот сообраќај претставуваат голем здравствен проблем и водечка причина за смрт и повреди ширум светот и дека сообраќајните несреќи убиваат повеќе од 1,2 милиони луѓе и предизвикуваат повреди односно траен инвалидитет кај дури 50 милиони луѓе годишно, со што сообраќајните несреќи се водечка причина за смрт кај деца и младинци на возраст од 5 до 29 години,

*Загрижени* дека повеќе од 90% од смртните случаи предизвикани од сообраќајни несреќи се случуваат во земји со ниски односно средни приходи и дека, во овие земји, најранливи групи се пешаци, велосипедисти, корисници на моторизирани возила со две односно три тркала и патници во небезбеден јавен транспорт,

*Свесни* дека освен огромното страдање што смртните случаи односно повредите настанати од сообраќајна несреќа, им го нанесуваат на жртвите односно нивните семејства, годишниот трошок за повреди од сообраќајни несреќи, во земји со ниски односно средни приходи изнесува над 65 милијарди УСД, кој износ го надминува вкупниот износ добиен како помош за развој и претставува 1–1.5% од бруто националниот производ, што пак има влијание врз одржливиот развој на земјите,

*Убедени* дека без соодветна акција, проблемот само ќе се влоши во иднина кога, според проекциите, до 2020 година смртните случаи од сообраќајни несреќи ќе станат една од водечките причини за смрт, особено во земји со ниски односно средни приходи,

*Подвлекувајќи* дека причините за смрт и повреди во сообраќајни несреќи и нивните последици се познати и може да се спречат и дека овие причини вклучуваат несоодветна и прекумерна брзина; возење под дејство на алкохол; несоодветно користење на безбедносните појаси, појаси и седишта за деца, заштитни шлемови и друга безбедносна опрема; управување со возила кои се стари, лошо одржувани односно кои немаат соодветни безбедносни карактеристики; лошо проектирана или недоволно одржувана патна инфраструктура која не ги заштитува пешаците; лоши односно небезбедни системи за јавен транспорт; недостаток односно недоволно спроведување на сообраќајната регулатива; недостаток на политичка свесност и недостаток на адекватна третман на трауми и рехабилитација,

*Препознавајќи* дека голем дел од смртните случаи поради сообраќајни несреќи настануваат во контекст на професионални активности, и дека може да се даде придонес за безбедност на патиштата преку спроведување на мерки за безбедност на возниот парк,

*Свесни* дека во текот на изминатите триесет години многу земји со високи приходи постигнале значително намалување на бројот на смртни случаи односно повреди од сообраќајни несреќи преку одржливо залагање за добро фокусирани, програми за спречување на повреди кои се базирани на докази, и дека со понатамошни напори, се повеќе се можни мрежи на патен сообраќај целосно ослободени од смртни случаи, и дека, земјите со високи приходи треба да продолжат во насока на воспоставување и постигнување на амбициозни цели за намалување на бројот на повредени на патиштата, и да поддржуваат глобална размена на добри пракси во полето на спречување на повреди кои настануваат на патиштата,

*Препознавајќи ги* напорите кои ги прават некои земји со ниски односно средни приходи во насока на спроведување на најдобрите пракси, да се поставаат амбициозни цели и да се следат смртните случаи во патниот сообраќај,

*Препознавајќи* ја работата на системот на Обединети Нации, особено постојаната работа на регионалните комисии на Обединетите Нации и водството на Светската здравствена организација, во насока на застапување на поголемо политичко залагање за безбедност на патиштата, да се зголемат активностите за безбедност на патиштата, промовирање на најдобрите практики, и координација на прашањата поврзани со безбедноста на патиштата во рамките на системот на Обединети Нации,

*Исто така признавајќи* го напредокот на соработката за безбедност на патиштата при Обединетите Нации, како консултативен механизам чии членови се залагаат за безбедноста во патниот сообраќај и чии активности вклучуваат обезбедување на насоки на владите и граѓанските општества во однос на добрите практики во насока на поддршка на активности за справување на главните фактори на ризик во однос на безбедноста на патиштата,

*Признавајќи* ја работата на другите засегнати субјекти, вклучувајќи меѓувладини агенции; регионални финансиски институции, невладини организации и граѓански општества, и други приватни субјекти,

*Признавајќи* ја улогата на Глобалниот инструмент за безбедност на патиштата воспоставен од страна на Светската Банка како прв финансирачки механизам за поддршка на градењето на капацитети и обезбедување на техничка поддршка за безбедност на патиштата на глобално, регионално и национално ниво,

*Признавајќи* го извештајот на Комисијата за глобална безбедност на патиштата *Да ги направиме патиштата безбедни: нов приоритет за одржлив развој* со што се поврзува безбедноста на патиштата со одржливиот развој и се предвидува зголемување на ресурсите и нова заложба за проценка на безбедноста на патната инфраструктура,

*Признавајќи* ги наодите на извештајот на Меѓународниот транспортен форум и Организацијата за економска соработка и развој *Кон нула: амбициозни цели за безбедност на патиштата и пристап на безбеден систем* и неговите препораки дека сите земји, без оглед на нивното ниво на успешност во полето на безбедност на патиштата, треба да се движат во насока на пристап на безбеден систем за да постигнуваат амбициозни цели,

*Признавајќи* ги наодите на *Светскиот извештај за спречување на повреди кај деца* изготвени од страна на Светска здравствена организација / УНИЦЕФ кој ги идентификува повредите од сообраќајни несреќи на патиштата како водечка причина за сите ненамерни повреди на деца и ги опишува физичките и развојните карактеристики поради кои децата се подложени на особен ризик,
*Признавајќи* дека решението за глобалната криза за безбедност на патиштата може единствено да се спроведе преку мултисекторска соработка и партнерства помеѓу сите засегнати лица како во јавните така и во приватните сектори, со вклучување на граѓанското општество,
*Препознавајќи* дека безбедноста на патиштата е 'меѓусекторско' прашање кои може да даде значителен придонес за остварување на милениумските развојни цели и дека градењето на капацитети за спречување на повредите од сообраќајни несреќи треба да биде целосно вградено во националните стратегии за развој за транспорт, животна средина и здравство, и поддржано од страна на мултилатерлани и билатерални институции преку добро поставени, ефективни и усогласени напори за помош,
*Свесни* дека глобалните резултати се ефект на национални и локални мерки и дека за ефективни акции за подобрување на глобалната безбедност на патиштата потребна е силна политичка волја, заложба и ресурси на сите нивоа: национално и субнационално, регионално и глобално,
*Поздравувајќи* го извештајот на Светската здравствена организација *за глобалниот статус на безбедноста на патиштата* – прва проценка земја по земја на глобално ниво – во кој се идентификуваат пропустите и се поставува основа за мерење на напредокот во иднина,
*Исто така поздравувајќи* ги резултатите од проектите спроведени од страна на регионалните комисии на Обединетите Нации за помош на земјите со ниски односно средни приходи во поставување на свои цели за намалување на бројот на повреди од сообраќајни несреќи на патиштата, како и регионални цели,
*Одлучени* да ги надградуваме постигнатите успеси и да учиме од минати искуства, одлучивме за следново:

1. Охрабрување на спроведувањето на препораките на *Светскиот извештај за спречување на повреди од сообраќајни несреќи на патиштата*,
2. Зајакнување на владиното водство и насочување во однос на безбедност на патиштата, вклучувајќи и преку назначување односно зајакнување на агенции кои ќе предводат како и сродни координативни механизми на национално или субнационално ниво;
3. Поставување на амбициозни, но сепак изводливи национални цели за намалување на бројот на повреди во сообраќајни несреќи на патиштата кои се јасно поврзани со планирани инвестиции и иницијативи на политики и мобилизирање на потребните ресурси со цел да се овозможи ефективно и одржливо спроведување за постигнување на целите во рамките на пристапот на безбеден систем;
4. Спроведување на одредени напори за развивање и имплементација на инфраструктурни решенија за заштита на сите корисници на патот, а особено оние најранливите како што се пешаците, велосипедистите, мотоциклистите и корисниците на небезбеден јавен транспорт, како и деца, постари лица и луѓе со посебни потреби;
5. Започнување со спроведување на побезбеден и поодржлив транспорт преку иницијативи за планирање на начинот на користење на земјиштето и со поттикнување на алтернативни видови на транспорт;
6. Унапредување на усогласувањето на регулативите и најдобрите практики за безбедност на патиштата и безбедност на возилата преку спроведување на соодветните резолуции на Обединетите Нации и инструментите и низата на упатства издадени од страна на Соработката за безбедност во сообраќајот на патиштата при Обединетите Нации;
7. Зајакнување односно одржување на спроведувањето и свесноста за постоечкото законодавство и, каде што има потреба, подобрување на законодавството и системите за регистрација на возилата и возачите со употреба на соодветни меѓународни стандарди;
8. Поттикнување на организациите активно да придонесуваат за подобрување на безбедноста на патиштата поврзана со работното место преку усвојување на најдобри практики во областа на управување со возниот парк;
9. Поттикнување на активности за соработка преку остварување на соработка помеѓу субјекти од државната администрација, организации на системот на Обединети Нации, приватни и јавни сектори, како и со граѓанското општество;
10. Подобрување на националното собирање на податоци и споредливост на меѓународно ниво, вклучувајќи усвојување на стандардна дефиниција за смртен случај на пат, како секое лице кое ќе почине веднаш односно во рок од 30 дена како резултат од сообраќајна несреќа на пат, како и стандардни дефиниции за повреда; и овозможување на меѓународна соработка за развој на сигурни и усогласени системи на податоци;
11. Зајакнување на обезбедувањето на предболничко и болничко лекување на трауми, рехабилитација и социјална интеграција преку спроведување на соодветни законски прописи, развивање на човечки капацитети и подобрување на пристапот кон здравствената заштита со цел да се осигури навремена и ефективна испорака до оние кои имаат потреба од тоа;

Го повикуваме Генералното собрание на Обединетите Нации да ја прогласи 2011-2020 година како „Декада за акција за безбедност на патиштата“ со цел да се стабилизираат и потоа намалат предвидувањата за нивото на глобални смртни случаи на патиштата до 2020 година;
Одлука за проценка на напредокот пет години по Првата глобална министерска конференција за безбедност на патиштата;
Ја покануваме меѓународната донаторска заедница да обезбеди дополнителни средства за поддршка на безбедноста на патиштата на глобално, регионално и национално ниво, особено во земји со ниски односно средни приходи; и
Го покануваме Генералното собрание на ОН да даде своја согласност на содржината на оваа декларација.

Москва, Руска федерација
20 Ноември 2009 година